ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:12-77/9**

**Дата: 02.03.2010**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на донаторската сметка Струмички карневал, прикажани на страна 3 и 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Сметката Струмички карневал, за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Зоран Заев, градоначалник на општина Струмица во 2008 година,
- Александар Цицимов, Претседател на Организациониот Одбор.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овие извештаи е планирана и извршена на 03.12.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива, и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на

годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентација на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно во сите значајни аспекти финансиската состојба на Сметката за донации – Струмички карневал на 31 декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Сметката за донации – Струмички карневал е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

Скопје, 24.02.2010 година

Овластен државен ревизор

## СМЕТКА - СТРУМИЧКИ КАРНЕВАЛ

### БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 1.068 | 1.295 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 20 | 19 |
| **Вкупно приходи** | | **1.088** | **1.314** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | | 54 | 53 |
| Стоки и услуги | 3.3.1. | 714 | 1.241 |
| Субвенции и трансфери | 3.3.2. | 186 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **954** | **1.294** |
| **Вкупно расходи** | | **954** | **1.294** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **134** | **20** |

## СМЕТКА - СТРУМИЧКИ КАРНЕВАЛ

### БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 134 | 20 |
| **Вкупно тековни средства** | | **134** | **20** |
| **Вкупна актива** | | **134** | **20** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1 | 134 | 20 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **134** | **20** |
| **Вкупна пасива** | | **134** | **20** |
| Контрола: | | | |